ШПАРКАСЕ БАНКА
АД Скопје

ул.Васил Иљоски бр.14 1000 Скопје
www.sparkasse.mk
Тел. : +389 2 3200 500
Факс.:+389 2 3200 515
contact@sparkasse.mk
SWIFT: INSBMK22

## Кодекс за финансирање на жени претприемачи

## Писмо за приклучување кон Кодексот

Шпаркасе Банка АД Скопје со гордост го поддржува Кодексот за финансирање на жени претприемачи (во понатамошниот текст: „ Кодексот "), глобална иницијатива која има за цел да го намали финансискиот јаз и да ги отстрани бариерите за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) во сопственост на жени и водени од жени. Како потписник, Шпаркасе Банка АД Скопје се обврзува да соработува со националните партнери, да обезбеди лидерство, да ги зајакне системите за податоци и да преземе конкретни активности за економско зајакнување на жените и унапредување на родовата еднаквост во финансискиот сектор.

Како потписник на Кодексот, Шпаркасе Банка АД Скопје се обврзува да ги спроведе следниве активности во рамките на трите столба на Кодексот:

**Заложби за лидерство:**

- Ја назначуваме Маринела Киреј Ивановска, Раководител на Сектор за поддршка на корпоративни клиенти во Шпаркасе Банка, за лидер на WE Finance Code, која ќе ги предводи и претставува напорите на нашата институција во рамките на Кодексот.

- Шпаркасе Банка се обврзува да промовира родова еднаквост во рамките на целата организација преку инклузивни политики и стандарди во областа на човечки ресурси.

- Шпаркасе Банка се обврзува да обезбеди еднаков пристап до можности и ресурси за жените вработени преку инклузивни политики и стандарди.

**Заложби за податоци:**

- Шпаркасе Банка ќе прибира и известува податоци разделени по пол за бројот и износот на депозитите на клиентите ММСП.

- Шпаркасе Банка ќе ја усвои и применува национално усогласената дефиниција за ММСП предводени од жени во своето работење и известување.

- Шпаркасе Банка АД Скопје ќе собира, следи и известува податоци раздвоени според пол за кредитите на ММСП, во согласност со индикаторите на WE Finance Code, со цел унапредување на транспарентноста и поддршка на процесите на донесување одлуки.

**Заложби за активности:**

- Шпаркасе Банка ќе продолжи да нуди кредитни понуди наменети за ММСП водени од жени и се обврзува да го зголеми вкупниот обем на пласирани средства.

- Шпаркасе Банка ќе продолжи да нуди и промовира прилагодени финансиски решенија за ММСП водени од жени, поддржувајќи ја нивната дигитализација, автоматизација и одржливост.

- Шпаркасе Банка се обврзува на развој и спроведување обуки за банкарска подготвеност, финансиска писменост и кредитна подготвеност за жени претприемачи.

- Шпаркасе Банка ќе реализира годишни информативни и промотивни кампањи со цел да ги зајакне и поврзе жените претприемачи.

Во прилог на ова писмо се доставува листа на сите обврски со рокови за спроведување и индикатори за следење на напредокот.

Со нетрпение очекуваме да соработуваме со нашите партнери во Националната коалиција на Кодексот за финансирање на жени претприемачи, со цел да постигнеме видливо и одржливо влијание за жените претприемачки во Северна Македонија.

**Со почит,**

Име и презиме: Санел Кустурица
Функција: Претседател на Управен Одбор
Институција: Шпаркасе Банка АД Скопје

Потпис: ______________________

Датум:

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

Име и презиме: Нина Неданоска
Функција: Заменик претседател на Управен Одбор
Институција: Шпаркасе Банка АД Скопје

Потпис: ______________________

Датум: